Документи за јавни политики:
Поддршка на Република Македонија за интеграција во ЕУ и НАТО

Димитар Бечев

# Договорот за македонското име и по него: **геополитичка перспектива**

25 години
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Документи за јавни политики:
**Поддршка на Македонија за интеграција во Европската Унија и НАТО**

Наслов:
**Договорот за македонското име и по него: геополитичка перспектива**

Издавач:
**Фондација Отворено Општество – Македонија**

За издавачот:
**Фани Каранфилова-Пановска**

Автор:
**Димитар Бечев**

Превод и лектура:
**Абакус**

Прелом и дизајн:
**Бригада дизајн**

Овој документ за јавни политики е дел од заедничкиот проект за Поддршка на Македонија за интеграција во Европската Унија и НАТО на Фондацијата Отворено општество – Македонија, Европската иницијатива за отворено општество и Институтот за европски политики на отвореното општество.

Содржината е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

**Кратка биографија за авторот**

Д-р Димитар Бечев е нерезидентен виш научен соработник во Евроазискиот центар на Атлантскиот совет. Тој е и истражувач во Центарот за словенски, евроазиски и источноевропски студии при Универзитетот на Северна Каролина во Чапел Хил и директор на Институтот за европски политики, тинк-тенк со седиште во Софија, Бугарија.

Д-р Бечев има објавено голем број публикации, како академски така и документи за јавни политики на теми како што се: надворешната политика на ЕУ, политиката на Турција и на земјите од Балканот, надворешната политика на Русија, и енергетската безбедност. Неговата книга „Ривалска моќ“, објавена од Yale University Press во 2017 година, ја истражува улогата на Русија во Југоисточна Европа (земјите на Балканот, Грција, Кипар, и Турција). Тој бил на истражувачки и професорски позиции на универзитетите Оксфорд и Хитосубаши во Токио, како и истражувачки стипендии на универзитетот Харвард и Лондонската школа за економија. Во периодот 2014 - 2010 година, тој бил раководител на канцеларијата на Европскиот совет за надворешни односи (ECFR) во Софија.

Д-р Бечев често пишува за Американ интрест, Форин полиси, Ал Џезира онлајн, Оксфорд аналитика, ПОЛТИКО, и ЕУ Обсервер. Негови цитати се објавени во водечки весници како што се Фајненшал тајмс, Економист, Волстрит журнал, Би-Би-Си и Њујорк тајмс. Тој има докторска титула за меѓународни односи од универзитетот Оксфорд.

# Договорот за македонското име и по него: **геополитичка перспектива**

Димитар Бечев

Септември 2018

Сместена во средиштето на Балканот, Македонија отсекогаш била еден вид регионален предводник, а сега таа е во центарот на вниманието и надвор од Југоисточна Европа. Во периодот 2015–2017 година, политичките коментатори на внатрешната политичка криза гледаа како на продолжување на пресметката меѓу Русија, под водство на Владимир Путин, и Западот. Доаѓањето на власт на новата прозападна влада, предводена од Зоран Заев, не го намали стравот дека Македонија се наоѓа на еден вид геополитички расцеп. Навистина, се чини дека таканаречениот Договор од Преспа, потпишан со Грција, за решавање на долготрајниот спор за името, уште еднаш ги зголеми влоговите. Дури и самиот Договор зборува за долготрајната привлечност на западните институции. Заев го прифати компромисот со цел да обезбеди влез на неговата земја во НАТО и, евентуално, во Европската Унија (ЕУ), под компромисно име Северна Македонија. Грчкиот премиер Алексис Ципрас и Никос Коѕијас, првиот дипломат во земјата кој му беше советник на Јоргос Папандреу за време на обновувањето на односите со Турција во 1999 година, преку ноќ станаа силни поддржувачи на западната иднина на нивниот сосед. Сепак, Договорот и натаму останува ранлив, поради повратниот удар од страна на националистите од двете страни на границата. Растурачите, како што е Русија, сега имаат можност да го поткопаат влијанието на Западот. Турција, уште една регионална сила, останува амбивалентна. Овој документ за јавна политика разгледува како клучните играчи (ЕУ, НАТО, Русија и Турција) му приоѓаат на Договорот од Преспа и како заложбата за решавање на македонскиот спор за името се вклопува во нивната поширока стратегија.

## ЕУ: се снаоѓа некако

ЕУ е „претепана“ и носи лузни од серијата последователни кризи: афтершоковите од глобалната финансиска криза во 2008 година, која ги разниша темелите на Еврозоната; геополитичкиот предизвик што го наметнува Русија; напливот на баратели на азил во 2016-2015 година; Брегзитот. Иако се покажа отпорна на вакви настани, Унијата сè уште се справува со тешката задача за внатрешна консолидација. Изборниот успех на антимигрантските популистички партии, како Лега, предводена од сегашниот италијански министер за внатрешни работи Матео Салвини, и Алтернатива за Германија (АфД), која ги става под знак прашање основите на европската интеграција, сугерира дека ЕУ сè уште не стигнала до безбедни води.

Во минатото, проширувањето беше заштитната политика на ЕУ. Тоа веќе не е случај. Се чини дека, меѓу другите, и францускиот претседател Емануел Макрон верува дека проширувањето е спротивно на продлабочувањето. Демократското назадување во Унгарија и во Полска едвај може да се смета за успокојувачки преседан, а да не зборуваме за хроничниот дефицит на владеењето на правото во Романија и во Бугарија. Поддржувачите на проширувањето, како стратегиско средство за проектирање стабилност во нестабилните периферии, бијат многу тешка битка, особено сега кога Обединетото Кралство, инаку традиционален застапник за проширувањето, е на пат да излезе од Унијата. Неодамнешниот Самит во Лондон, во рамките на таканаречениот Берлински процес, дизајниран за да ги задржи државите од Западен Балкан на патот кон ЕУ, беше нарушен поради расправиите околу Брегзитот, кои го „растргнаа“ кабинетот на Тереза Меј.

Со оглед на ветриштата што доаѓаат од различни страни, зачудува фактот дека во случајот на Македонија привлечноста на ЕУ сè уште функционира. Брисел посредуваше за време на кризата во 2017-2015 година, а изгледите за членство го испорачаа компромисот што Заев го постигна со Ципрас. Сепак, условната понуда за отворање на пристапните преговори, дадена во јуни 2018 година, претставува половична одлука, што е типично за ЕУ. Дали формулата функционира ќе биде тестирано на референдумот во Македонија на 30 септември, дизајниран како јавно изјаснување на граѓаните дали се за приклучување на земјата во ЕУ и во НАТО, како и на последователното гласање во Собранието за промена на името на земјата, преку измена на Уставот. Целосниот неуспех скапо ќе ја чини Унијата, од аспект на престиж и влијание. Токму затоа, Владата во Скопје го врами референдумот како глас за ЕУ и за НАТО. Овој наратив го поддржаа високи политички фигури, како што се германската канцеларка Ангела Меркел, главниот дипломат на ЕУ Федерика Могерини и генералниот секретар на Атлантскиот сојуз Јенс Столтенберг, кои ја посетија Македонија уште во почетокот на септември.

## НАТО: снабдува безбедност

Американскиот претседател Доналд Трамп можеби им создава проблеми на своите европски сојузници, но НАТО останува во прилично добра состојба. По анексијата на Крим кон Русија, во март 2014 година, Сојузот повторно ја откри својата суштинска мисија - да ги одбрани своите членки од надворешни закани, онака како што е зацртано во членот V од Северноатлантскиот договор. Тој распоредува трупи низ Источна Европа за да го балансира присуството на Русија, односно „зајакнатото напредно присуство“ според воено-дипломатскиот жаргон. Надградувајќи се на лекциите од Украина, воените стратези прават скици за реакција на „хибридните“ предизвици, вклучително и дејства што можат да бидат одречени, информативна војна и пропаганда, субверзија и напади на критичната инфраструктура.

И проширувањето се одвива со стабилна динамика. Црна Гора се приклучи во јуни 2017 година, а Македонија доби покана на Самитот во Брисел (11 и 12 јули 2018 година). Според цитатот од завршната декларација, усвоена од страна на шефовите на држави и на влади од членките на НАТО:

*„[ние] ја реафирмираме нашата заложба за политиката на отворена врата во Сојузот [...], што е еден од големите успеси на Сојузот. Минатогодишното приклучување на Црна Гора и денешната покана за Република Македонија се видлива демонстрација на оваа заложба.“*[1]

Сепак, дел од реториката што доаѓа од Белата куќа не оди во прилог на тоа. Во интервју емитувано на Фокс њуз на 17 јули 2018 година, Трамп изрази загриженост поради тоа што „агресивните“ луѓе од Црна Гора би можеле да предизвикаат „трета светска војна“ со Русија. Оваа изјава на Претседателот, дадена веднаш по Самитот во Хелсинки на кој присуствуваше и Владимир Путин, покрена стравувања за сериозноста на посветеноста на САД кон нивните сојузници. Сепак, суштината на американската политика останува непроменета. Во Конгресот сè уште постои висока поддршка за НАТО. Клучни членови на администрацијата, како што се државниот секретар Мајк Помпео и заменик-претседателот Мајк Пенс, се поддржувачи на конвенционалните сфаќања за НАТО. Веднаш по Самитот во Хелсинки, Конгресот воведе нов пакет санкции („Закон за одбрана на американската безбедност од агресијата на Кремљ“). Министерството за финансии на САД на „црната листа“ дополнително стави неколку поединци и субјекти од Руската Федерација, поради бизниси со Северна Кореја. Загриженоста за руската субверзија може да резултира со посилен притисок за ангажман во Југоисточна Европа, каде што сојузниците, како Романија и Бугарија, се веќе домаќини на американските трупи.

Додадената вредност од членството на Македонија не се однесува толку на запирањето на Путин, иако тоа претставува валидна цел, колку на зајакнувањето на стабилноста во постјугословенскиот простор. За НАТО, тоа претставува завршување на работата што датира уште од -90тите години. За Македонија, членството значи безбедност. Сите големи заедници во земјата имаат придобивки од овој процес. Македонците ќе добијат гаранции за иднината на државата, додека Албанците - меѓу кои поддршката за НАТО и САД е традиционално висока - ќе имаат проширени врски со Западот, како инструмент за цементирање на политичките придобивки што ги добија во последните две децении. Влезот на Македонија во Атлантскиот сојуз нема задолжително да ја премости етничката поделба, но може да ги одврати политичките претприемачи од искористување на ваквата поделба и на тој начин да создаде повисок степен на единство.

## Русија: во улога на растурач

Главниот интерес на Русија во поранешна Југославија, генерално, и конкретно во Македонија, се однесува на балансирање на Западот. Москва нема позитивна агенда, но ја користи секоја можност за да ги попречи плановите на нејзините противници. Таа не предвидува членство на државите од Западен Балкан во економските и во безбедносните платформи под нејзина надлежност, на пример Евроазиската економска унија (ЕЕУ) или Организацијата на Договорот за колективна безбедност (ОДКБ). Кремљ не е склон кон тоа да ги троши и онака недоволните финансиски ресурси во регионот, а уште помалку да испрати трупи за да има свој удел во безбедносните работи на Балканот. Оттука, избраната стратегија подразбира мешање во домашните конфликти преку дипломатски канали или преку директна вклученост во внатрешната политика. Крајната цел е да се спречи консолидацијата на западниот поредок, преку замрзнување на статус квото во регионот. Нерешените спорови во земјите на Балканот го одвлекуваат вниманието на креаторите на политиките на двете страни од Атлантскиот Океан подалеку од „блиската далечина“ на Русија во пост-советскиот простор.[2]

[1] Точка 62, Декларацијата од Самитот во Брисел, 12 јули 2018 год.

[2] Димитар Бечев, Ривалска сила: Русија во Југоисточна Европа. Yale University Press, 2017 год.

Руската политика на опструкции оди во прилог на конфронтацијата со ЕУ и со САД што ја предизвика анексијата на Крим. До тој момент, односите меѓу Москва и Западот, во однос на Југоисточна Европа, не беа целосно заложник на логиката со „нулта сума". Тоа не сугерира дека претходно немаше никакви фрикции, што може да го посведочи секој што се сеќава на говорот на Путин во рамките на Безбедносната конференција во Минхен во 2007 година. Но, заедничките интереси ја водеа соработката во области како што е енергетската инфраструктура. Во тоа време, Русија гледаше на поранешна Југославија како на продолжена рака на Западот. Таа млако реагираше на проширувањето на НАТО со Хрватска и со Албанија и не приговори против проширувањето на ЕУ. Тогаш, зошто ѝ пречи пристапувањето на Црна Гора или на Србија во ЕУ, имајќи предвид дека ваквите земји, кои имаат екстензивни врски со Русија, би го зголемиле бројот на држави-членки во Брисел кои имаат пријателски однос кон Москва?

Многу работи се сменија во последните шест и повеќе години. Свртувањето кон конфронтација за време на третиот мандат на Путин и војната во Украина ја трансформираа Русија од тежок партнер во растурач. Тоа им помага на антизападните и националистичките групи, како и на недисциплинираните лидери како Милорад Додик, претседателот на Република Српска во рамките на Босна и Херцеговина. Освен тоа, Русија негува дипломатски и економски врски со земји кои одбиваат да се приклучат на санкциите од Западот, како што се Србија и Македонија под водство на премиерот Никола Груевски (кој владееше во периодот 2006–2016 година). Во одредени моменти, Русија е подготвена да се коцка, каков што беше случајот со Црна Гора, каде што го поддржа обидот за државен преврат во 2016 година, со цел да го блокира влезот на земјата во НАТО. Јавните обвинители од Подгорица го вперија прстот кон воено разузнавање на Москва (GRU), истата единица којашто беше имплицирана во нападот со нервен агенс врз Сергеј и Јулија Скрипал во Обединетото Кралство.

Русија го зајакна својот профил и во Македонија. Иако премиерот Груевски остана реторички посветен на ЕУ и НАТО, тој вложи значителни напори за изградба на односите со Русите. На пример, Скопје и Москва развија планови за гасификација на земјата. Руски компании инвестираа во други делови од енергетскиот сектор (на пример, *Лукоил* инвестираше во бензински станици, а компанијата ТКГ, регистрирана на Кипар, ја презема постројката за комбинирано производство на топлина и електрична енергија во близина на Скопје).[3] Сергеј Самсоненко, бизнисмен од јужниот руски град Ростов, со удел во коцкарската индустрија во Скопје, стана спонзор на спортски тимови, како ФК Вардар, со што ја зголеми меката моќ на Русија.

За време на кризата во периодот од 2015 до 2017 година, Русија застана на страната на тогашната владејачка партија ВМРО-ДПМНЕ. Провладините медиуми во Русија ги оквалификуваа антикорупциските протести во Скопје како продолжение на заговорот на Западот за извоз на обоени револуции, сеејќи хаос и деструкција во пресрет на самите протести. По вооружената пресметка меѓу албанските милитанти и безбедносните сили во градот Куманово, министерот за надворешни работи Сергеј Лавров јавно ги обвини Албанија и Бугарија, и двете членки на НАТО, за заговарање поделба на Македонија. Оваа теорија произлезе од политички коментар емитуван на Русија денес, телевизиски канал спонзориран од Кремљ. Ваквите шпекулации добија на интензитет во медиумите што го поддржуваа Груевски, кои ширеа страв од албанско востание во Македонија и во регионот, помогнато и поттикнато од западните сили. Тие одекнаа и во Србија, каде што националистичките коментатори го вклучија алармот дека на земјата ѝ се закaнува „македонско сценарио".

[3] Оценување на економскиот ефект на Русија во Македонија, Центар за демократски студии (Софија), документ за јавната политика бр. 71, јануари 2018 год.

Сега во опозиција, ВМРО-ДПМНЕ спроведува кампања против Договорот со Грција, одбивајќи го како чин на национално предавство. Нејзините членови во Русија гледаат заштитник од перципираниот диктат од Западот, но и од Албанците. Руските знамиња станаа редовна глетка на антивладините митинзи. На политичката сцена се појави радикалната проруска партија Единствена Македонија, која се обидува да капитализира од судирот. Привлечноста на Русија е вообичаена и во Грција, каде што опонентите на компромисот со Скопје го сметаат Путин за свој сојузник во отпорот против Западот, особено против САД и Германија.

Ставот на Русија кон Договорот од Преспа е амбивалентен. Иницијално, министерот за надворешни работи го поздрави постигнатиот компромис. Сепак, нема сомнежи дека Москва би профитирала доколку пропадне спогодбата меѓу Заев и Ципрас. Од она што може да се види, Русија веќе презема активни мерки за поткопување на решението на македонскиот спор. Како чин без преседан, грчките власти избркаа двајца руски дипломати и одбија влез на уште двајца кои работат во северниот дел на Грција со групи што се борат против Договорот со Македонија. Русија возврати со отстранување на двајца грчки дипломати. Исто така, Грција го отповика својот амбасадор во Москва, што претставува чекор без преседан во земја која традиционално била пријателски настроена кон Русија. Паралелен развоен момент е и влошувањето на односите меѓу Руската православна црква и Цариградската патријаршија. Вселенскиот патријарх се приклони кон ставот за признавање на Украинската православна црква, која се оддели од еклезијастичката власт на Москва. Грчката влада не ги одобри визите на руските монаси кои сакаа да патуваат на Света Гора.

Растат и тензиите меѓу македонската влада и Русија. Зоран Заев го обвини Иван Савидис, грчко-руски тајкун кој живее во Солун и поранешен член на Думата (долниот дом во законодавното тело на Руската Федерација), дека доделил 300.000 евра на фудбалски хулигани во Македонија за да учествуваат во протестите против Договорот од Преспа.[4]

Активните мерки и дезинформативните кампањи, наменети да ги поттикнат националистите во Грција и во Македонија, се целосно во линија со политиката на Москва за враќање на ударот кон Западот. Фијаско на консултативниот референдум во Македонија на 30 септември или одбивање на грчкиот парламент да го ратификува Договорот од Преспа може да го запре проширувањето на НАТО со земјите од Балканот и да стане главна дипломатска пресвртница за Русија. Нема да изненади доколку Москва ја засили својата реторика и ги удвои своите заложби за влијание во внатрешните работи на обете земји.

## Турција: оддалечена, но не и непријателска

Односите на Турција со Западот се на историски најниско ниво и се влошуваат со консолидацијата на авторитарниот режим во земјата. Неодамна реизбраниот претседател Реџеп Таип Ердоган не е во добри односи со САД, меѓу другото, и во однос на Сирија. Неговите поддржувачи ја обвинуваат Америка за неуспешниот државен преврат од јули 2016 година. Во меѓувреме, Турција и Русија ја засилија својата соработка, вклучително и за прашања поврзани со одбраната, што наведе многумина во Вашингтон ДЦ да го стават под знак прашање местото на Анкара во НАТО. Ердоган ја предизвика доминацијата на ЕУ во државите од Западен Балкан преку продлабочување на врските со локалните лидери, вклучително и со српскиот претседател Александар Вучиќ, и преку додворување на локалното муслиманско население.

---

[4] Сашка Цветковска, Руски бизнисмен стои зад немирите во Македонија, Проект за известување за организиран криминал и корупција (ОЦЦРП), 16 јули 2018 год. Достапно на: https://www.occrp.org/en/investigations/-8329russian-businessman-behind-unrest-in-macedonia

Сепак, за разлика од Русија, Турција не спроведува агенда на опструкции во земјите на Балканот. Таа нема што да загуби доколку Македонија, долгорочна пријателска земја, влезе во НАТО. Министерот за надворешни работи Мевлут Чавушоглу ја поздрави поканата на Скопје за време на Самитот во Брисел, одржан во јули годинава. Турција го намалува и интензитетот на своите спорови со ЕУ. Европскиот совет донесе одлука за обновување на спогодбата за бегалците со Анкара од 2016 година, со дополнителни 3 милијарди евра наменети за повеќе од 3,5 милиони Сиријци кои живеат на територијата на Турција. Во моментов, Ердоган е во преговори да биде домаќин на четиристран самит со Русија, Франција и со Германија, за прашањето на Сирија. Иако односите меѓу Турција и ЕУ се деградирани од златното доба во текот на -2000тите години и сега имаат главно трансакциска природа, попуштањето може да има позитивен ефект на прелевање и за земјите на Балканот.

## ШТО Е СЛЕДНО?

Сценариото со најдобар случај подразбира Македонија да ја исполни својата заложба за промена на Уставот и за прифаќање на името Северна Македонија како официјално име на земјата, по што следува референдумот на 30 септември и последователното гласање во Собранието за промена на Уставот. За возврат, грчката влада ја турка ратификацијата на Договорот од Преспа во нивниот парламент, во пакет со протоколот за пристапување на Северна Македонија во НАТО. Веќе во летото 2019 година, Атлантскиот сојуз ќе ѝ посака добредојде на својата -30та држава-членка. ЕУ ќе ги отвори преговорите за членство со Северна Македонија и, потенцијално, со Албанија. Овој пробив ќе ја зацврсти западната политика во регионот. Откако Северна Македонија е на вистинската патека, креаторите на политиката ќе се фокусираат на потешките случаи, како што се Босна и Херцеговина и Косово. Србија ќе ја зајакне безбедносната и одбранбената соработка со НАТО, без формално да ја смени својата политика на неутралност. Проширувањето на Сојузот ќе го ограничи руското влијание во државите од Западен Балкан.

Сценариото со најлош случај подразбира неуспех Грција и Македонија да го спроведат Договорот од Преспа. Тоа ефективно значи враќање на статус квото од периодот пред 2017 година. Во Атина и во Скопје на власт може да дојдат нови влади предводени од Нова Демократија и ВМРО-ДПМНЕ. За работите да станат полоши, новиот кабинет во Грција може да попушти пред популистичкиот притисок и да се врати на максималистичките позиции од -90тите години, инсистирајќи на тоа дека е прифатливо само име кое во себе не го содржи зборот „Македонија“. Нема да има простор за компромис и двете партии би одбрале националистички позиции. ЕУ ќе биде немоќна да интервенира, особено ако Скопје не успее да го исполни својот дел од спогодбата. Проширувањето на НАТО ќе биде ставено на пауза. Русија ќе преовлада, па дури може и да ѝ понуди на Македонија одредена форма на одбранбена соработка, слична на онаа што веќе ја има со Србија. Се разбира, голема е веројатноста дека ВМРО-ДПМНЕ нема целосно да ја прифати руската позиција, туку ќе го следи примерот на Вучиќ, жонглирајќи меѓу Истокот и Западот. Таа ќе флертува со Москва, истовремено нагласувајќи ја заложбата за членство во ЕУ и во НАТО. Сепак, руското додворување на Македонија со сигурност ќе предизвика меѓуетнички тензии во земјата, но и надвор од нејзините граници.

Меѓу овие две постојат и други половични сценарија. На пример, неуспехот на референдумот на 30 септември и/или гласањето во Собранието за промена на Уставот (потребно е двотретинско мнозинство) може да предизвикаат криза и да доведат до предвремени избори. Тогаш, Заев и социјалдемократите со сигурност би го користеле членството во ЕУ и во НАТО како платформа и може да успеат да го зголемат своето парламентарно присуство. Како резултат на тоа, тие би можеле да направат уставно мнозинство заедно со албанските партии и уште еднаш да побараат ратификација.

Работите може да се свртат на полошо и по отпочнувањето на пристапните преговори меѓу ЕУ и Северна Македонија. На пример, Грција може да блокира едно или неколку поглавја, доколку почувствува дека Скопје не ги исполнува условите од Договорот од 2018 година. Постојат голем број преседани од претходните преговори, на пример Словенија против Хрватска или Кипар против Турција. Бидејќи Северна Македонија веќе ќе се приклучи на НАТО, ефектот на таквата делумна блокада нема да биде разурнувачки. Може да постои доволен простор за компромис. Сепак, застојот во преговорите ќе им даде кредибилитет на гласовите во Скопје кои се застапуваат за мултивекторна надворешна политика, со Русија и/или Турција, како алтернативна матица. Исто така, Москва ќе ја интензивира кампањата за „освојување на срцата и умовите“.

## ПРЕПОРАКИ

- Во периодот до референдумот на 30 септември, ЕУ и НАТО треба да продолжат да го поддржуваат наративот на премиерот Зоран Заев дека позитивниот глас ќе биде награден со членство за Северна Македонија.
- Креаторите на политиката во поголемите држави-членки на ЕУ и во САД треба да застанат на страната на Заев во случај референдумот да биде неуспешен поради мала излезност, што ќе му даде изговор на ВМРО-ДПМНЕ да ги блокира уставните промени во Собранието и ќе предизвика предвремени избори. Западот треба истовремено да работи и со ВМРО-ДПМНЕ, следејќи го примерот на канцеларката Ангела Меркел, која имаше средба и со партискиот лидер Христијан Мицковски.
- За да се спречат или да се управуваат идните спорови околу Договорот од Преспа, ЕУ треба да усвои патоказ за негово спроведување заедно со (Северна) Македонија. Билатералниот спор меѓу Скопје и Атина треба да биде преточен, колку што е можно пореално, во мултилатерално прашање во рамките на ЕУ.
- НАТО и ЕУ треба да инвестираат во регионални шеми за борба против активни мерки, кибер војна, лажни вести и дезинформации кои потекнуваат од Русија и од другите непријателски сили. НАТО може да ја искористи Јадранската повелба и да поттикне споделување разузнавачки информации меѓу Македонија, Грција и сојузниците во државите од Западен Балкан, како што се Црна Гора, Албанија и Хрватска.
- Европската комисија и државите-членки на ЕУ треба да ги поддржат независните истражувачки новинари, академиците и тинк-тенк организациите кои истражуваат прашања поврзани со странското мешање во Македонија и во Грција, но и во регионот. Целта треба да биде обезбедување балансирана и реална оценка на заканата, избегнувајќи сеење страв и политички манипулации, како и развивање стратегии за решавање на предизвикот.